Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 166/0306
11.08 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јули 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Порталот Инфомакс.мк на 27 јуни 2023 година ги прекршил професионалните и етички стандарди утврдени во членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, со тоа што објавил изјава – извадок од интервју на својата Веб страница и на ФБ профилот.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 јуни 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за објавената изјава на свештено лице од страна на порталот Инфомакс.мк на 27 јуни 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во објавената изјава, како и во емисијата „Тешки Муабети“ (поткаст на „Инфомакс“ – интервју со свештено лице) се изнесуваат навреди и лаги на сметка на ЛГБТ заедницата и се шири говор на омраза кон оваа заедница, особено со исказот: “*Помине ли овој закон, првото нешто после него е истополови бракови, па посвојување на деца, легализација на педофилија. Во нивната идеологија пишува дека се прифатливи сите сексуални стилови, вклучувајќи ја и педофилијата…*”. Истиот извадок од интервјуто е објавен и на ФБ страницата на медиумот. Под него има низа коментари на читатели со говор на омраза кон припадниците на оваа заедница.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Инфомакс со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и членот 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност).*

> 10.1.Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус.

10.3. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

10.4. Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

10.5. Во исклучителни случаи на екстремен говор на омраза од поединци или групи, обврска на онлајн медиумот е да ги критикува јавно нивните ставови нагласувајќи ги штетните последици од нив за пошироката заедница и за групите кон кои се изречени.

20.2.Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 јули 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во расправата по оваа жалба, мнозинството членови на Комисијата сметаа дека медиумот го прекршил членот 10 со фактот што на својата Веб страница објавил кус извадок од интервјуто, односно изјавата со која се шират лаги и невистини и се стигматизираат припадниците на ЛГБТ заедницата. Станува збор за делот од изјавата каде интервјуираното свештено лице вели дека "...*во нивната идеологија пишува дека се прифатливи сите сексуални стилови, вклучувајќи ја и педофилијата*." Самиот жалител во својата жалба нагласува дека е ова „...говор кој е неточен, нефер и шири омраза кон ЛГБТИ+ заедницата", а понатаму нагласува дека педофилијата како облик на сексуална злоупотреба е дело кое е казниво согласно Кривичниот законик. Повторувањето изјави во јавноста со кои се нагласува дека ова дело е својствено на однесувањето на припадниците на ЛГБТ заедницата создава целосно погрешна слика за оваа заедница и може дополнително да го засили говорот на омраза и да предизвика дела од омраза кон поединци од оваа заедница.

Во прилог на ова мислење, членовите на Комисијата потсетија на ставот и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во поглед на заштитата на правата на ЛГБТ лицата. Имено, Судот нагласил дека „... плурализмот и демократијата се изградени врз вистинското признавање и почитување на различноста. Хармоничната интеракција на лицата и групите со различни идентитети е од суштинско значење за постигнување социјална кохезија ... Изјавите кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат насилство, омраза или нетолеранција кон личност или група (говор на омраза) ја загрозуваат социјалната кохезија и претставуваат ризик од насилство и повреда на правата на другите. Таквото изразување може да создаде средина која е погодна за криминал од омраза и поттикнува конфликти од широки размери.“[1]

Така, во случајот Вејделанд и други против Шведска[2], Судот проценил дека содржината на хомофобичните летоци раширени во едно средно училиште, во смисла дека хомосексуалноста била „девијантна сексуална склоност“ која имала „морално деструктивен ефект врз општеството“, како и тврдењето дека „хомосексуалното лоби“ се обидело да го релативизира прашањето на педофилијата, претставува ширење сериозни предрасуди меѓу млади на мошне чувствителна возраст. Натаму, Судот оценил дека Врховниот суд на Шведска дал релевантни и доволни причини за својата одлука да ја ограничи слободата на изразување на оние кои ги ширеле летоците со хомофобична содржина и заклучил дека нема повреда на член 10 од Конвенцијата.

Оттаму, членовите на Комисијата сметаат дека медиумот сноси одговорност и кога одлучува да нагласи нечија изјава, особено кога станува збор за ширење лажни и невистинити информации со кои се стигматизира една цела заедница и се шири говор на омраза против неа. Така, со објавениот извадок од интервјуто со свештеното лице Ивица Тодоров, објавен на својата Веб страница, медиумот и самиот го прифаќа и го засилува говорот на омраза кон ЛГБТ заедницата, наместо да го идентификува, предизвика или разобличи таквиот говор, особено затоа што е изречен од јавна личност која има големо влијание во општеството.

Освен тоа, со објавувањето на истата содржина на својот ФБ профил медиумот и самиот поттикнал бројни коментари на читатели со говор на омраза и дискриминирачки содржини, иако негова обврска е редовно да ги прегледува и брзо да ги отстранува коментарите на корисниците коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

Поради тоа, мнозинството членови на Комисијата сметаат дека медиумот го прекршил членот 10 од Кодексот на новинарите, како и точките 10.1, 10.3, 10.4 и 10.5 и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

---

[1] European Court of Human Rights, Guide on the case-law of the European Convention on Human Rights: Rights of LGBTI persons, Strasbourg, August 2021. https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Guide_LGBTI_rights_ENG
[2] Vejdeland and Others v. Sweden, 2012, §§ 54-60. https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-109046%22]}

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи дека е прекршен член 10 од Кодексот на новинарите и членот 20 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595